Commonwealth Department of Health and Aged Care

ANZFA Australia New Zealand Food Authority
TE MANA WHAKARITE KAI MŌ Ā ITEREIRIA ME AOTEAROA







# Стандарди за безбедност на храната – Обврски за известување од страна на бизнисите со храна

## Параграф 3 (само за Австралија) Кодекс за стандарди за храната на Австралија и Нов Зеланд

*Забелешка: Новите стандарди за безбедност на храната не важат за Нов Зеланд. Обврските од стандардите за храната меѓу Австралија и Нов Зеланд не ги вклучуваат стандардите за хигиена при ракување со храната.*

### За кого се однесува обврската за известување?

Обврската за известување се однесува скоро на секој бизнис со храна во Австралија. Бизнис со храна е било која активност која вклучува продажба, или било кој вид ракување со храна за продажба во Австралија, со исклучок на некои основни активности за производство на храна.

Тоа значи дека обврската за известување важи за активностите со храна во врска со добротворните манифестации, како и за комерцијалните активности со храна и еднократните активности кои вклучуваат ракување со храната и продажба. Тоа ги вклучува и бизнисите кои можеби и не се сметаат за бизниси од прехрамбената индустрија, како на пример аптеките, кино-салите, малите киосци, бензинските пумпи и базените за пливање, ако тие продаваат пакувана храна или храна од било кој друг вид.

Исклучоците се наведени подолу:

- Бизнисите како што се фармите, винариите, плантажите, или плантажите на вода, под услов да не продаваат или снабдуваат храна директно на купувачите, или да не ја преработуваат храната која ја произведуваат.
- Известување не се бара за поединечните вендинг апарати за храна или возила кои се користат само за превоз на храна, меѓутоа бизнисите со храна кои работат со вендинг апаратите за храна или транспортни возила за превоз на храна ќе мора да ги обезбедат бараните информации за нивниот бизнис.

Добротворните и локалните групи треба да побараат информации пред испраќање на известување до локалната агенција зашто може да постојат поедноставени правила во вашата држава или територија. Како општо правило, тие сепак ќе мора да ја известат локалната агенција кога ќе планираат некои настани на кои ќе се продава храна.

### Што треба да направам ако сум веќе регистриран и имам дозвола за бизнис со храна?

Ништо. Известувањето е потребно за агенциите да знаат за бизнисите со храна во нивната област и како да ги контактираат и да им помогнат за намалување на ризиците при ракувањето со храната.

Државите и териториите и понатаму ќе решаваат за барањата при регистрација на бизнисите со храна во нивната држава или територија. Ако вие сте покриени со барањата при регистрација обврската за известување нема да ве погоди.

Обврската за известување важи само за оние бизниси кои не се регистрирани и за сите бизниси со храна во државите каде што не постои систем за регистрација на бизнисите со храна.

### Што треба да сторам ако не сум регистрирам и немам дозвола за работа со храна?

Според стандардите 3.2.2 Безбедно ракување со храната и општите барања, бизнисите со храна мораат да ги дадат следните информации до агенцијата одговорна за безбедност на храната во нејзината област. Обично тоа ќе биде локалната општина, но во некои држави или територии може да биде одделението за здравство или јавна здравствена установа или организација за заштита на околината, зависно од ситуацијата со надлежноста.

Известувањето не е процес на одобрување и при тоа не треба да задоволите некој посебен услов. Меѓутоа, морате да ја известите агенцијата за следниве работи:

- Информации за контакт кои го вклучуваат името под кое работи бизнисот, како и името и адресата на сопственикот на бизнисот.

- Информации кои ќе и помогнат на агенцијата да го процени нивото на ризикот при ракувањето со храната во вашиот бизнис – ова вклучува информации за видот на бизнисот (на пр. малопродажба, производство, транспорт, снабдувач со готова храна, ресторан или тезга на пазар), видот на храна која се прави или снабдува, големината на бизнисот и некои посебни прашања во врска со снабдувањето со некои високо ризични видови производи на групи луѓе кои се под најголем ризик од болести од храната, и
- Локацијата на сите ваши објекти во областа на агенцијата.

Мобилните ракувачи со храна, исто така, мораат да известат за местата каде работат како и местата каде ги чуваат возилата.

## Кога стапува во сила обврската за известување?

Според стандардите *3.2.2 Безбедно ракување со храната и Општите барања*, обврската за известување може да стапи во сила од Февруари 2002. Меѓутоа, во некои држави или територии може да стапи во сила и подоцна. Тоа зависи од времето кога некои територии или држави ќе ги променат постојните закони за храна заради прифаќање на новите стандарди, а исто така и од тоа дали тие ќе изберат 12 месечен пробен период за ова ново барање или ќе решат законот да стапи од Февруари 2002.

Постојните бизниси известувањето мора да го дадат во рокот од три месеци од тој датум. За новите бизниси обврската ќе започне кога ќе се донесе законот во секоја територија или држава и известувањето ќе мора да се даде пред започнување на бизнисот.

## Дали известувањето ќе треба да го давам повеќе од еднаш?

Не. Известувањето се дава еднаш, се додека информациите во истото не се променат. Меѓутоа, во случај на промени, на пример промена на името, адресата или сопственикот на бизнисот, или промена во природата на работата, тогаш ќе мора да ја известите агенцијата за промените пред тие да се случат.

## Има ли формулар за известување?

Примероци на формулари за известување се направени за користење од страна на агенциите. Некои може ќе користат и различни формати, меѓутоа бараните информации ќе бидат исти. Политиката на известување на ANZFA обезбедува понатамошна помош за ова. Овој документ ќе биде објавен во Јуни 2001. Копиите ќе бидат расположиви на интернет страната на ANZFA. Јавете се во вашата општина или јавна здравствена установа за информации во врска со обврската за известување и формулари.

## Ви требаат повеќе информации?

Копии на стандардите, упатства за користење на истите и други брошури и материјали може да се најдат на интернет страната на ANZFA на (www.anzfa.gov.au).

Како стандардите ќе стапуваат во сила во секоја територија или држава, бизнисите со храна, исто така, ќе можат да се обратат за помош директно до Health Officers во нивните општини или до одделенијата за здравство при одделните територии или држави и јавните здравствени установи.

Контакт деталјите за одделенијата за здравство при одделните територии или држави и локалните општини се вклучени во посебна брошура *Food Safety Standards – Sources of information & advice.*



Australia New Zealand Food Authority
P O Box 7186
Canberra MC ACT 2610
Tel: 02 6271 2222 Fax: 02 6271 2278

Website: www.anzfa.gov.au
Email: advice@anzfa.gov.au
Advice Line: 1300 652 166

Australia New Zealand Food Authority
P O Box 10559
Wellington NZ 6036
Tel: 04 473 9942 Fax: 04 473 9855

Website: www.anzfa.govt.nz
Email: nz.reception@anzfa.gov.au
Advice Line: 0800 441 571